ФЗОМ

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

www.fzo.org.mk

# Квоти на аптеки и обезбедување на лекови на рецепт на товар на ФЗОМ

март, 2018 година

# Цел на прес-конференцијата

- Да се објасни постоечкиот начин на функционирање на системот на квотите на аптеките и обезбедувањето на лековите
- Да се објаснат факторите заради кои настанаа одредени недостатоци на квоти во аптеките во месец март 2018
- Да се информира јавноста за итните, краткорочните и долгорочните мерки за поефикасно обезбедување на лекови на рецепт на товар на ФЗОМ за осигурениците

# Стратешки цели на ФЗОМ

- ✓ Обезбедување на буџет за лекови и лекови на товар на ФЗОМ согласно реалните потреби на нашите осигуреници

- ✓ Обезбедување на квалитетна здравствена и фармацевтска услуга за осигурениците

- ✓ Обезбедување на (по)рационално, наменско и оправдано трошење на финансиските ресурси на ФЗОМ

# Буџет за лекови VS Квоти на аптеки

2018 година - Вкупен предвиден годишен буџет за лекови на рецепт на товар на ФЗОМ = 2,85 милијарди денари

Буџет за скапи лекови и лекови од дежурна служба вон квота = 6,3 милиони денари месечно

Буџет за Квоти на аптеките = 198 милиони денари месечно

Буџет за надоместок за услугата на аптеките = 33 милиони денари месечно

# Годишен буџет за лекови на рецепт на товар на ФЗОМ 2010 – 2018 година



# Буџет за лекови

- Буџетот за лекови на рецепт во ПЗЗ за 2017 година достигна 2,75 милијарди денари (44,7 милиони евра) со реализирани 23,1 милиони рецепти за 70% од вкупно 1,8 милиони осигурени лица.
- Во 2018 година овој буџет се дополнува со 100 милиони денари

# Квоти VS Број на аптеки

| Година | Број на аптеки | Вкупен износ на месечни квоти (денари) | Просечна месечна квота (денари) |
|---|---|---|---|
| 2013 | 735 | 182,827,000 | 248,744 |
| 01.10.2013 | 721 | 177,989,000 | 246,864 |
| 01.10.2014 | 717 | 172,428,000 | 240,485 |
| 2015 | 751 | 174,309,000 | 232,103 |
| 01.10.2015 | 775 | 180,846,000 | 233,350 |
| 2016 | 776 | 174,292,000 | 224,603 |
| 01.09.2016 | 776 | 194,896,000 | 251,155 |
| 2017 | 780 | 194,792,000 | 249,733 |

Околу 85% од вкупниот број на ПЗУ аптеки во РМ имаат договор со ФЗОМ (бројот на аптеки може да варира)

# Порамнување на квотите на аптеките

- Аптеките имаат можност да ги надминат месечните квоти за најмогу до 10% месечно, во првите пет месеци од шестомесечјето

- Порамнувањето на квотите се врши двапати годишно, во месеците март и септември

# Просечна реализација на квотите во последните 6 месеци (октомври 2017 – февруари* 2018)

| Октомври 2017 | Ноември 2017 | Декември 2017 | Јануари 2018 | Февруари* 2018 (проекција) | Кумулативно надминување на квота за 5 месеци | Квота Март 2018 (проекција) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 103% | 103% | 104% | 102% | 103% | 15% | 85% |

# Потрошувачка на лекови на рецепт на товар на ФЗОМ во ПЗУ аптеки

| Година | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Реализирани ф-рирани рецепти (Милиони)** | 10.29 | 14.97 | 15.28 | 16.33 | 17.49 | 17.82 | 19.39 | 21.13 | 22.27 | 23,09 |
| **Разлика според претходна година (%)** | / | 45% | 2% | 7% | 7% | 2% | 9% | 9% | 5% | **4%** |
| **Вкупен ф-риран износ (милијарди ден.)** | 1,319 | 1,829 | 1,778 | 1,902 | 1,993 | 2,124 | 2,263 | 2,425 | 2,626 | 2,786 |
| **Разлика според претходна година (%)** | / | 39% | -3% | 7% | 5% | 7% | 7% | 7% | 8% | **6%** |

**Напомена:** Ефект од РЦЛ - во 2010 година се имплементирани нови РЦЛ според тогаш новата методологија на ФЗОМ за утврдување на референтни цени на лекови

# Квоти на аптеки VS надоместоци за аптеки

| Аптека | Месечна Квота | Просечен број на рецепти месечно | Просечен надоместок месечно (денари) |
|---|---|---|---|
| Аптека 1 | 95,000 | 1,680 | 22,090 |
| Аптека 2 | 95,000 | 506 | 10,312 |
| Аптека 3 | 208,000 | 1,449 | 26,780 |
| Аптека 4 | 202,000 | 2,570 | 38,413 |
| Аптека 5 | 532,000 | 6,194 | 93,401 |
| Аптека 6 | 530,000 | 3,840 | 69,590 |

| Лек со РЦЛ | Надоместок за аптеката по рецепт | Број на рецепти за истиот износ од квота - 3000 денари | Вкупен надоместок за аптеката |
|---|---|---|---|
| 20 денари | 12 денари | 150 | 1800.00 ден |
| 3000 денари | 100 денари | 1 | 100.00 ден |

# Анализа на два од најпродаваните лекови во 2017та

| Генерика- лек | Број на рецепти 2017 | Надоместок по рецепт (денари) | Вкупен надоместок за аптеките (денари) | Просечна цена по пакување (денари) | Набавен износ 2017 (денари) | Вкупен ф-риран износ 2017 (денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ENALAPRIL | 2,080,620 | 12 | 24,967,440 | 18.2 | 36,031,328 | 64,049,753 |
| DIAZEPAM | 1,124,406 | 12 | 13,492,872 | 18.2 | 19,447,082 | 34,584,607 |
| Вкупно | 3,205,026 | | | | | 98,634,361 |
| Вкупно рецепти 2017 | 23,090,780 | | | | Вкупен ф-риран износ 2017 | 2,786,093,249 |
| | 13.9% | | | | | 3.5% |

# Фактори за зголемена реализација на квотите на аптеките

- Аерозагадувањето во овој период
- Сезоната на грипови и настинки
- Хроничните заболувања
- Број и распространетост на аптеките
- Пропишувачки навики на лекарите
- Структура и потреби на населението
- (Не)Рационално пропишување, издавање и користење на лекови
- Навики за создавање на домашни залихи на лекови
- Можни злоупотреби на системот
- Друго

# Пример за нерационално пропишување на лек

- За еден поскап лек во 2017 година од различни аптеки од ист град до Фондот се фактурирани 23 реализирани рецепти/пакувања за еден ист пациент
- Просечно потребната количина за терапија со тој лек е околу 8 пакувања годишно.
- Рецептите биле паралелно пропишани во иста ПЗУ ординација од матичниот лекар на осигуреното лице и неговата замена.
- Активностите на контролата на ФЗОМ продолжуваат и понатаму, како и следните мерки соодветно.

# Предлог Мерки за поефикасно обезбедување на лекови на рецепт

## Итна мерка:

**Зголемување на квотите на аптеките во март 2018 во вкупен износ од 15 милиони денари, линеарно распределни по аптека**

# Краткорочни мерки

- ✓ Финансиска инекција во вкупниот буџет за лекови за 2018та во износ од 100 милиони денари годишно
- ✓ Ревизија на Правилникот и методологијата на распределба на финансиските средства - квотите и надоместоците на аптеките
- ✓ Промена на месецот/терминот за порамнување на квотите
- ✓ Нова поправична и поефикасна распределба на квотите на аптеките
- ✓ Поефикасен систем за надоместоците на аптеките

# Долгорочни мерки

- ✓ воведување на интегриран и ефикасен електронски систем преку вклучување на сите институции и здравствени установи и работници од нашиот здравствен систем со воведување на електронско здравствено досие по пациент (EHR – electronic health record)

# Благодарим на вниманието!

